ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1426/22**
Дата: **01/12/2022**
Купувач: С.Неделковска
Рок на доставување: **12/12/2022**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 2+1

☒ ПОНУДА

☐ БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за набавка на: **лим согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по потврда за учество на тендерот.**

- Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите: snedelkovska@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr најдоцна до 07.12.2022 год. При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.

- **Напомена:**

- ✓ **Цената да биде изразена франко – ОКТА;**
- ✓ **Да се наведе рок на испорака;**
- ✓ **Понудата може да биде деллива;**
- ✓ **Со понудата да се достави сертификат за материјалот;**
- ✓ **Потекло на материјалите- ЕУ;**
- ✓ **Понудата да биде валидна минимум 7 дена од рокот на доставување на понуди;**
- ✓ **Ве молиме во приложената Спецификација (excel табела) да ги вметнете Вашите цени (поединечно и вкупно);**

- **Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака “НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1426/22”. Понудата да биде во архивата на ОКТА на 12/12/2022.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

- **Завршни одредби:**

1. Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
2. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
3. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги доставaт само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
4. ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
5. Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
6. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. **(Понуди во друга валута нема да се разгледуваат)**.

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски

SZQ-0740-002_v02